# IV тема:
# Увод во уметноста
# IV 1.1. Хеленска архитектура

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Што е архитектура?

- Архитектурата претставува наука и уметност која се занимава со планирање и конструирање (изградба) на градби од различен тип (живеалишта, храмови, театри, бањи, мостови, патишта и др.).

- Името на оваа наука води потекло од старогрчка сложенка, ἀρχι- главен, на чело и τέκτων ѕидар, градител. Сложенката во латинскиот јазик го извела обликот *архитектура* (лат. architectura).



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Хеленска архитектура: Храм

- Храмот претставувал живеалиште на античките богови и се сметал за света градба.
- Хелените се изумители на неговата конструкција.
- Составни делови на храмот се: наос (внатрешна просторија), редица столбови (колонада) и покривна ќерамидна конструкција.
- Храмот се градел во бел мермер и тули.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND




Пресек на хеленски храм и неговите составни делови

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Хеленска архитектура: Театар



- Театарот претставувал своевиден храм посветен на богот Дионис.
- Иако денес театарот го доживуваме како градба во која се следат драмски претстави, во античкиот период храмот има световна, но и света функција.
- Првично, театрите биле градени со дрвени седишта за публиката. Подоцна биле заменети со камени, односно мермерни, заради трајноста на материјалот кој издржува на секакви атмосферски влијанија.
- Античкиот хеленски театар имал полукружен облик и се градел на накосено земјиште.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND




Составни делови на хеленскиот театар

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND




Три стила на столбови во античката архитектура

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# Да повториме што научивме...

- Што претставува архитектурата?
- Наука и уметност која се занимава со планирање и конструирање на градби од различен тип.

- Што преставува античкиот храм?
- Живеалиште на божеството. Хелените се изумители на неговиот дизајн.

- Од кои елементи е составен храмот?
- Од три главни елементи: наос (внатрешна просторија), колонада (редица на столбови) и покривна ќерамида.

- Што претставува античкиот театар?
- Своевиден храм на богот Дионис, простор за следење на драмски претстави.

- На што се подигале античките театри?
- На накосено земјиште.

- Од колку елементи се состои античкиот театар?
- Од четири елементи: театрон (гледалиште), орхестра (игралиште), проскенион (подиум) и скене (кулиса, сцена).

- Кои се трите столбови на античката архитектура?
- Дорски, јонски и коринтски.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# УЧИЛИШНА ЗАДАЧА:
# Изработка на постер со градби од античката хеленска архитектура





- Изработи цртеж на хеленски храм, столбови или театар со назив на градбата која ја црташ.
- Изработи го цртежот на празен лист хартија или на блок-лист, по желба.
- Побарај фотографија од градбата на интернет за да ја црташ во слободен стил.
- Откако ќе ја исцрташ со молив, повтори ја со туш-пенкало или со црн маркер за да му дадеш израз на цртежот.
- Презентирај го и направи квалитетна фотографија која ќе ја прикачиш во Мајкрософт Тимс или НПУД.
- Постерот, исто така, прикачи го на ѕид во училницата.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND